БЛИНК 42 – 21
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНОВАЦИИ

Ул. Рајко Жинзифов бр.50 1-2/23,
1000 Скопје, Република Македонија
тел. +389 2 3317 3072
Е-пошта: info@blink42-21.mk
www.blink42-21.mk

**Предмет: Барање за доставување на понуди бр. 05/2019**

**Датум на објавување: 17.12.2019 година**

Центарот за социјални иновации Блинк 42-21 од август 2019 година започна да го реализира проектот „Откривање на Римскиот град Стоби – Виртуелно искуство" со грант Договор бр. TAPTAP0020-065A-2019, со Советот за Регионална Соработка (Regional Cooperation Council). Проектот е со времетраење од 7 месеци и финансиски е поддржан од Европска Комисија. Дел од активностите на проектот е и изработка на апликација за виртуелна реалност (standalone Virtual reality application)- Сцена со гладијаторска борба во театарот на Стоби.

Ве покануваме да ја доставите Вашата понуда за испорака на услуга согласно спецификацијата во табелата:

| | Опис на услуга | Количина | Единечна цена без ДДВ (во МКД) | Вкупна цена без ДДВ (во МКД) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Графички Дизајн на сцена со гладијаторска борба (карактери, костуми, средина)** | | | |
| | Ангажираниот добавувач се очекува да изработи графички дизајн на карактери, костими и средина за изработка на сцена со гладијаторска битка за потребите на апликацијата за виртуелна реалност (standalone Virtual reality application)- Сцена со гладијаторска борба во театарот на Стоби. | 1 | | |
| - Присуство на состаноци и координација со проектниот тим.<br>- Соработка со другите ангажирани експерти и добавувачи. - Реализација Јануари 2020- април 2020 година. | | | | |
| **Вкупно 1.** | | | | |

*Забелешка: Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Плаќањето е врз основа на доставена фактура генерирана во системот на УЈП.*

БЛИНК 42-21 во согласност со предвидената проектна временска рамка ќе го извести добавувачот на услугата за точните датуми и рокови за секоја услуга посебно во зависност од претходно реализираните активности или пак идните предвидени активности кои се во рамките на проектот.

**Услугата во табелата не делива и за истата може да биде избран само еден (1) добавувач. Изборот на добавувач ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.** БЛИНК 42-21 ќе склучи договор со избраниот добавувач, а плаќањето ќе се изврши на следниов принцип: 30% од вкупниот износ по доставениот план на работа, 30% по доставување на половина од финализираните модели и 40% од вкупниот износ по завршување на работата доколку се избере еден добавувач, односно 100% по завршување на работата доколку се избрани повеќе добавувачи.

Во прилог треба да се достави следната документација:

- Прилог 1: Понуда со пополнети износи согласно табелата;
- Прилог 2: Портфолио на добавувачот;
- Прилог 3: Референтна листа на претходни реализирани услуги;
- Прилог 4: Тековна состојба на добавувачот не постара од 6 месеци ( само за правни лица).

**Понудата се доставува исклучиво во електронска форма преку е-пошта на info@blink42-21.mk. Во предмет на е-пораката да стои: Понуда за Повик 05/2019 и сите барани документи треба да се со печат и потпис од овластено лице во скенирана форма.**
**Понудата треба да се достави во рок од 8 работни денови од денот на објавувањето, односно најдоцна до 27.12.2019 год. до 16:00 часот. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид.**

Сите добавувачи кои доставиле понуди и ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени за одлуката.

За сите дополнителни информации може да се обратите на е-пошта: info@blink42-21.mk .

**Со почит,**
**Центар за социјални иновации БЛИНК 42-21**

Здружение Центар за социјални иновации БЛИНК 42-21 Скопје